ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Свети Николе, сметка на основен буџет (637) за 2021 година.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
-доделување на средства за активностите од областа на спортот, културата и за поддршка на НВО без утврдени критериумите и не се доставуваат извештаи од крајните корисници;
-системот за водоснабдување „Дивјак“ кој е во употреба сеуште се води во сметководствената евиденција на позиција материјални средства во подготовка;
-извршени се работи без спроведена постапка за јавна набавка и вршени се исплати без комплетна документација.

**Издадено мислење *:**

Изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
-носење акт за уредување на начинот, постапката и критериумите за финансирање на активности по области, програми и подесување на извештаи од крајни корисници за искористениот на средствата;
-обезбедување документација за давање во употреба на објектот алтернативно водоснабдување „Дивјак“;
- обезбедување на комплетна документација за извршените градежни работи.

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиена е забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешката не е прифатена од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојбата.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување